ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
- Соопштение за медиуми -

Скопје, 25.01.2023 година

# Отсуствува систем за користење на ЕУ фондовите за кофинансирање на стратешки проекти

***Користењето на средства преку Инструментот Инвестициската рамка на Западен Балкан (WBIF) наметнува обврска да се дизајнира поефикасен систем за користење и добивање на истите***

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема ***„Процес на добивање и користење на средства од Инструментот Инвестициска рамка на Западен Балкан (WBIF)“*** согласно Годишната програма за работа со цел да се даде одговор на прашањето: ***“Дали е дизајниран ефикасен и ефективен систем за добивање на средства за Инструментот WBIF - “Инвестициска рамка на Западен Балкан?”***

Целта на „Инвестициската рамка на Западен Балкан – WBIF“ е да го зголеми капацитетот на регионот на Западен Балкан за финансирање на **клучните инфраструктурни и приоритетни инвестиции** во согласност со приоритетите за пристапување и да ја подобри севкупната координација на помошта.

Поради улогата на WBIF во ИПА III во насока на поголема апсорпција на средства и поради значајноста на финансиска помош на ЕУ за Западен Балкан определена во Економскиот инвестициски план на ЕУ за Западен Балкан во износ **од 9 милијарди евра**, за регионални проекти во вредност **од 20 милијарди евра,** се наметнува обврска **да се дизајнира** поефикасен и економичен систем за користење и добивање на средства преку WBIF со национална правна рамка во која **јасно** се регулира улогата и надлежностите на сите институции кои се вклучени во процесот.

**Промена** на политиката на финансирање на проектите со буџетски средства или јавно приватно партнерство, предизвикува **губење** на одобрени грант средства за техничка помош и **неможност** да се кофинансираат проектите со инвестициски грантови преку WBIF, кое што **има влијание** на ефективна примена на овој инструмент.

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018

Европската Унија доделува средства за кофинансирање на инфраструктурни проекти **за техничка помош и инвестициски грантови** со објавување на повици за аплицирање. Според податоците добиени од Секретаријатот за европски прашања (СЕП), а објавени на веб страната на WBIF, со WBIF финансирани се проекти во Република Северна Македонија во вкупна вредност од **2.6 милијарди евра**, за кои одобрени се **43 грантови** во вредност **од 421,8 милион евра**, односно **391,9 милиони евра** за инвестициските грантови и **29,9 милиони евра** за техничка помош.

На крајот на **јули 2022 година** во рамките на **шестиот инвестициски повик** во кој се одобрени **576 милиони евра** од Европската Унија за првите проекти за спроведување на Економскиот и инвестициски план на ЕУ за Западен Балкан, за Република Северна Македонија одобрени се **230 милиони евра**, односно **40%** од вкупните средства.

Република Северна Македонија **од 2009 година** до 2022 година аплицирала на **дваесет и осум (28) повици за техничка помош** и **седум (7) повици за инвестициски грант, а од нив и се** одобрени инвестициски грантови во вредност **од 385 милиони евра** за **дванаесет (12) проекти**. За најголем дел од проектите **не е започната** инвестицијата, **не се склучени** договорите за грант и **има застој** во однос на планираната динамика на реализација.

Доколку не се завршат проектите и не се во употреба во предвидениот рок **постои ризик од губење на грант средства** или создавање на **обврски за враќање на инвестицискиот грант.**

Системот за добивање на средства преку WBIF **нема јасно дефинирана правна и институционална рамка** со надлежни институции и тела, **соодветна национална правна рамка** за користење на WBIF, а единствената листа проекти **не дава јасна** слика за стратешки најважни и „зрели“ проекти во услови на ограничен фискален простор за задолжување.

Во 2015 година формиран е **Национален инвестициски комитет** и **Единствена листа на проекти** со што Република Северна Македонија како земја корисник ги исполнила условите за учество во повиците за инвестициски грантови.

Со ревизијата се утврди дека поради условот за апликација на проекти кои се финансираат со заеми од официјални кредитори, **не се врши** приоретизација на проектите со кои се аплицира.

Имено, Националниот инвестициски комитет е одговорен за формирање на Единствената листа на проекти, но **нема надлежност да прави** селекција на проекти за апликација на повиците за добивање на техничка помош и инвестициски грант. Крајните корисници поднесуваат поединечни апликации кои ги одобрува Владата на Република Северна Македонија, пред да се поднесе до Европската комисија.

Република Северна Македонија **аплицирала** со четири инвестициски проекти и **ја добила поддршката** за сите проекти и тоа за: **изградба на источен Коридор VIII (трета фаза)** во износ од **155 милиони евра**, **пречистителна станица Скопје** во износ од **70 милиони евра** и **изградба на фотоволтаични централи Осломеј I, Осломеј II и Битола** во износ од **6,7 милиони евра**.


**Прес контакт:**
Албиона Мустафа Мухаџири +389 72 228 203 albiona.mustafa@dzr.gov.mk
Мијалче Дургутов +389 70 358 486 mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
Мартин Дувњак +389 75 268 517 martin.duvnjak@dzr.gov.mk